# ПРВ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# ЈАНУАРИ - МАРТ, 2023

Во првиот квартал од спроведувањето на проектот „Унапредување на заштитните механизми за бесплатна правна помош и говор на омраза во Република Северна Македонија“, поддржан од страна на Фондацијата Отворено Општество – Македонија, правните советници на Хелсиншкиот комитет ги регистрираа следните податоци и ги воочија следните трендови: 103 граѓани се обратија со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет.

### ПОЛ




### ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

- 76 Македонци
- 15 Албанци
- 8 Роми
- 1 Турци
- 2 Бошњаци

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛИТЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

За периодот за кој се известува, 103 граѓани се обратија со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет.

Видно од половата структура на барателите, повеќето беа мажи (56) наспроти жени (47).

Видно од етничката припадност на барателите, најголем број беа Македонци 76), па следуваа Албанци (15) и Роми (8), додека во најмал број беа застапени барања за бесплатна правна помош од Бошњаци (2)и Турци (1).

Видно од местото на живеалиште или престојувалиште на барателите, најголем број беа од Скопскиот регион (67), додека од останатите географски региони беа едноцифрен број на баратели, и тоа: Вардарски (5); Полошки (6); Пелагониски (7); Југозападен (4); Североисточен (6); Источен (4) и Југоисточен (4).

### ГЕОГРАФСКИ РЕГИОНИ




## 2. ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ




Во првиот квартал од имплементација на проектот, доминираа барањата за бесплатна правна помош во врска со правни прашања од областа на социјалната заштита (13.5%), работни односи (12.5%) и заштита на човекови права (19.5%).

Во делот на социјалната заштита, во периодот јануари – март, 2023 година, правните советници при Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираа барања за бесплатна правна помош во врска со право на помош и нега од друго лице, паричен надомест за попреченост, инвалидска пензија и социјално домување, при што беа нотирани одредени недостатоци во работата на центрите за социјална работа и Министерството за труд и социјална политика (МТСП), поради што Хелсиншкиот комитет на барателите им пружи помош при составување поднесоци во рамките на општата управна постапка, а до Секторот за вонреден инспекциски надзор при МТСП и Управниот инспекторат – поднесени беа барања за вршење вонреден инспекциски надзор.

Во делот на работните односи, правните советници при Хелсиншкиот комитет регистрираа барања за бесплатна правна помош во врска со вознемирување на работно место –мобинг, неисплатен регрес, здравствено и социјално осигурување за време на породилно отсуство или боледување, прекувремена работа, статусни прашања и парични побарувања од работен однос, поради што Хелсиншкиот комитет на барателите им пружи помош при составување поднесоци во рамките на интерната постапка пред работодавците, а поради нотирани неправилности во постапките поднесени беа барања за вршење вонреден инспекциски надзор до Државниот трудов инспекторат.

Во делот на заштита на правата на децата и заштита од семејно и родово базирано насилство, од сведоштвата на жртвите како и од личниот увид во нивната документација, се забележува истоветно и повторувачко поведение на полициските службеници, кои кривичните пријави против сторителите ги заведуваат како поплаки, што во практиката значи обврска на полицискиот службеник да земе само изјава од сторителот и да го опомене да престане со загрозувачките дејствија, наместо да биде поднесена кривична пријава од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР) до Основното јавно обвинителство (ОЈО). Ваквото непостапување или несоодветното постапување на полицијата е обесхрабрувачко за жртвите, а за сторителите истото е охрабрувачка пракса затоа што добиваат чувство на неказнивост. Хелсиншкиот комитет во неколку случаи мораше да реагира со барања за информации, ургенции и барања за постапување до Секторот за насилен криминал при МВР и до ОЈО.

## 3. СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Во овој период, до Министерството за правда беа поднесени две барања за секундарна правна помош од областа на семејните односи, и тоа во врска со бракоразводна постапка и законска издршка на малолетно дете.

| БАРАТЕЛ | ВИД НА ПРЕДМЕТ | СТАТУС |
|---|---|---|
| Жена од Неготино | Бракоразводна постапка | Одобрено |
| Жена од Куманово | Законска издршка | Одобрено |


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА